# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22, членот 23 и 34 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.12/19,), а во смисла на членот 8-а став 1 алинеа 3 од Изборниот законик, постапувајќи по предмет оформен по пријава доставена на 25.02.2020 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на 29-тата седница одржана на 10.04.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Владата на Република Северна Македонија, со донесување на Одлуката за поништување на решенијата за распоредување на работно место и наредби за извршување работи и работни задачи заведена под број 44-1683/1 од 18.02.2020 година со која е поништено Решението со кое ------------------ се именува за началник на Секторот за внатрешни работи ----------------, Биро за јавна базбедност, заведено под бр.22.6-20812/1 од 16.02.2020 година донесено од министерот за внатрешни работи ----------, ја прекршила забраната утврдена во членот 8-а став 1 алинеа 3 од Изборниот законик ("Службен весник на РСМ" бр. 40/06, 136/08, 148/08,155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и 42/20) и во членот 34 став 1 алинеа 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Спорната Одлука била донесена на 18.02.2020 година, два дена по донесување на Решението за распишување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија бр. 09-1422 од 16.02.2020 година од страна на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, односно истата била донесена за времетраење на изборниот процес, кога важат забраните утврдени во членот 8-а став 1 алинеа 3 од Изборниот законик и во членот 34 став 1 алинеа 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-1346/1 од 25.02.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител - министерот за внатрешни работи на Република Северна Македонија, -----------.


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Во пријавата се изнесени наводи за сомневање за прекршување на одредбите од членот 8-а став 1 алинеа 3 од Изборниот законик, ("Службен весник на РСМ" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и 42/20) со донесувањето на Одлуката од страна на Владата на Република Северна Македонија заведена под број 44-1683/1 од 18.02.2020 година на 18.02.2020 година, со која е поништено Решението за именување на ------------ на работно место началник на Секторот за внатрешни работи -------------- - Биро за јавна безбедност заведено под број 22.6-20812/1 од 16.02.2020 година.

Спорното Решение, како што е наведено во пријавата, според времето на евидентирање на истото во Архивата на Министерството за внатрешни работи, било донесено и заведено во 15 часот и 22 минути односно два саати пред донесување на Решението за распишување на парламентарните избори во Република Северна Македонија од страна на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија и пред отпочнување на изборниот процес. Со Решението било извршено 15-тото распоредување на носители на раководна функција во Министерството за внатрешни работи, што е законска можност на министерот утврдена со членот 44 став 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Северна Македонија ("Службен весник на РМ" бр.140/18). Постапувајќи согласно со Законот за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Северна Македонија, дополнителниот заменик на министер бил известен за донесувањето на предметното Решение.

Со цел утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во пријавата, ДКСК побара од Генералнот секретар на Владата на Република Северна Македонија, да и ја достави на ДКСК Одлуката за поништување на решенијата за распоредување на работно место и наредби за извршување работи и работни задачи на Владата на Република Северна Македонија со број 44-1683/1 од 18.02.2020 година.

Во членот 8-а став 1 алинеа 3 од Изборниот законик се наведува дека од денот на донесување на Решението за распишување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија не може да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работа.

Од увидот во споменатата Одлука, ДКСК го констатира следното:

Оспорената Одлука од Владата на Република Северна Македонија била донесена на 18.02.2020 година, два дена по донесување на Решението за распишување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија бр. 09-1422 од 16.02.2020 година од Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, односно истата била донесена за времетраење на изборниот процес, кога важат забраните утврдени во членот 8-а став 1 алинеа 3 од Изборниот

законик и во членот 34 став 1 алинеа 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Владата на Република Северна Македонија со донесување на Одлуката за поништување на решенијата за распоредување на работно место и наредби за извршување работи и работни задачи заведена под број 44-1683/1 од 18.02.2020 година со која е поништено Решението со кое -------------------- се именува за началник на Секторот за внатрешни работи -------------, Биро за јавна базбедност, заведено под бр.22.6-20812/1 од 16.02.2020 година донесено од министерот за внатрешни работи -------------, ја прекршила забраната утврдена во членот 8-а став 1 алинеа 3 од Изборниот законик и во членот 34 став 1 алинеа 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поништувајќи го Решението со кое бил именуван споменатиот началник.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 10 април 2020 година по број 12-1346/4**

По заклучок на 29-та седница на ДКСК
Изработил: м-р Ирена Поповска

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска**